СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 60/2023
Дата 2 5 -01- 2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп.**

**Вкупната должина на трасата изнесува 16,5 km.**

Должината на трасата за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 13,5 km. Останатиот дел од трасата поминува низ издадени Услови за планирање на просторот за:

- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс на локалитет кој ги опфаќа КП 444, КП 445, КП 446, КП 448, КП 449, КП 451, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со тех. бр. У30910;
- Државна урбанистичка планска документација за спортски аеродром Прилеп, КО Мало Коњаре, Општина Прилеп, со тех. бр. У24315;
- Урбанистички план за село Мало Коњари, Општина Прилеп, со тех. бр. У14409;
- ГУП Прилеп измена и дополна, со тех. бр. У08406;
- Локална урбанистичка планска документација за пумпна станица за водоснабдување на КП 4860, КП 3223/11, КП 4861, КП 4443/3, КП 4441/3, КП 4649, КП 4444/8, КП 4440/16, КП 4440/13, КП 4435/9, КП 4437 во м.в. Бегова Ливада, КО Варош и КО Прилеп, Општина Прилеп, со тех. бр. У22709.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Трасата на кабелот се граничи со издадени Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација со основна класа на намена Е2- комунална супраструктура, за изградба на објекти за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори (биогас) со капацитет до 1 MW на дел од КП 16, КП 835, КП 836 и дел од КП 839, КО Заполжани, Општина Долнени, со тех. бр. Y07420.

Трасата се сече со траси за коишто има издадени Услови за планирање на просторот за:

- Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Славеј до с.Заполжани, Општина Кривогаштани и Општина Долнени, со тех. бр. Y25111;
- Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV кабелски вод низ КП 439, КП 2184, КП 2186/1, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со тех. бр. Y33521

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y58822** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Трасата на електричниот кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп се наоѓа во водостопанско подрачје "Пелагонија" кое го опфаќа сливот на Црна Река – од извориштето до водомерниот профил "Скочивир".

Трасата на електричниот кабел минува во границите на првата (зона на строг надзор), втора (зона на санитарно ограничување) и трета заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) на бунарските подрачја. При изработка на документацијата да се почитува режимот на заштита дефинирани во Елаборатот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

При изработка на планската документација да се утврди местоположбата на постоечката и планирана инфраструктура за наводнување и да се предвидат мерки со што ќе се избегнат можните конфликти во функционирањето на кабелот и објектите од системот за наводнување.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 47244 од 11.11.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп. Вкупната должина на планираната траса изнесува 16,5 km.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 60/2023 од 13.01.2023 година**.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР**
**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Nebi Rexhepi**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk